

## ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА ПРЕСПА ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА „МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИ МЕРИДИЈАНИ“

**Еден од значајните афирматори и чувар на минатото и историскиот развој не само на Преспа, туку и на етничка Македонија е, секако, Јанче Андоновски, познат автор на значајни дела за Македонија, со посебна нагласка на своите дедовски корени од селото П‘пли (Папли)**

Мајката природа на Долна Преспа во егејскиот дел на Македонија ѝ подарила богатство од убавини и атрактивности. Во исто време, историјата ѝ оставила непроценливи траги од значајни настани. Затоа долнопреспанци каде и да се во родниот крај или надвор од

него, се радуваат со сето тоа што го има во сите делови на поделена Долна Преспа, се гордеат и го чуваат ваквото богатство за идните генерации.

А, таму и во Долна Преспа и во Костурско е познато дека според своите карактеристики и обичаи, јазично и етнички македонскиот народ ѝ е туѓ на Грција. Од тие причини грчката буржоазија од првиот момент од 1913 година ја проширила својата власт над Егејска Македонија, изградила политика на физичко истребување на македонскиот народ и менување на етничкиот состав во своја корист. Грчката буржоазија, сао намера да го избрише секој белег што потсетува на македонскиот карактер на Беломорска Македонија, во ноември 1926 година донела Закон за замена на македонските топоними со грчки имиња на селата и градовите, називите на планините, полињата, реките, на сѐ што е македонско.

Еден од значајните афирматори и чувар на минатото и историскиот развој не само на Преспа, туку и на етничка Македонија е, секако, Јанче Андоновски, познат автор на значајни дела за Македонија, со посебна нагласка на своите дедовски корени од селото П‘пли (Папли)

Јанче Андоновски е роден на  31.8.1969 година во Скопје. Меѓутоа, неговите корени се протегаат до Долна Преспа, во егејскиот дел на Македонија. Неговиот татко Ристо е од селото П’пли од Преспа, Леринска околија и мајка му Елена е од селото Косинец, Костурско.







Пишува: СЛАВЕ КАТИН
www.slavekatin.com
slave.katin@gmail.com